Вардарска Македонија (1918—1929)" (191—280) е поделен на шест глави. Во Глава прва „Положбата на основните училишта во Вардарска Македонија (1918 — 1929)", Марија Јовановиќ врз основа на обработка на постојната архивска граѓа изнесува интересни статистички податоци со цел да се добие подобар увид за тоа како текло основањето и изградбата на основните училишта. Во контексот на Глава прва, Дел втори, се обработуваат и прашањата: сопственоста, намената и состојбата на зградите на основните училишта; бројот на учениците и паралелките со кои што располагале основните училишта; Јазикот на кој се изведувала наставата во основните училишта; Просветните кадри на основните училишта, нивната преоптовареност во изведувањето на наставата и националната структура; националната и социјалната структура на учениците; и Училишните фондови и нивната намена.

„Положбата на средните училишта во Вардарска Македонија (1918—1929)" е насловот на Глава втора, во која се обработени прашањата: гимназиите, наставните кадри и учениците; социјалната структура на учениците; и стручните училишта (учителски, богословија, трговски, занаетчиски, земјоделски и граѓански"). Во третата глава, под наслов „Училиштата во Вардарска Македонија со други наставни јазици" е разгледано прашањето за муслиманските училишта на разните мисии.

Училишните библиотеки и членувањето на учениците во разни организации се предмет на разгледување во Глава четврта, Дел втори.

Глава петта е посветена на Филозофскиот факултет во Скопје.

Во последната, Глава шеста, авторот го обработува проблемот за народното просветување.

Наведените наслови покажуваат дека сите прашања опфатени во трудот добиле соодветно место и простор.

За попрегледно разбирање на третираната проблематика многу придонесува статистичкиот прилог-табели кој претставува составен дел на трудот.

Пишуван со убав и јасен стил врз база на необјавени и објавени изворни материјали трудот на Марија Јовановиќ претставува значаен придонес за расветлувањето на бројни проблеми од историјата на македонскиот народ во периодот меѓу двете светски војни.

Нада ЈУРУКОВА

**Глигор ТОДОРОВСКИ, Македонија по Балканските војни, Култура, Скопје 1981, 421.**

Во едицијата „Современа општествена мисла" на реномираната скопска издавачка куќа „Култура" се појави монографијата на д-р Глигор Тодоровски — „Македонија по Балканските војни", со под-

наслов: Општествено-економските и просветни прилики во Вардарска Македонија (1912—1915 год.).

Монографијата содржи вовед, два дела, заклучок, како и два регистри — на лични имиња и на географски поими. Книгата е илустрирана со фотографии од тоа доба, како и со неколку статистички табеларни прегледи.

Во монографијата авторот, врз база, првенствено, на изворна документација и литература, извршил солидна анализа на општествено-политичките, економските и просветните прилики во Вардарска Македонија по Балканските војни во посочениот временски интервал.

Во воведот авторот се осврнува на поделбата на Македонија меѓу балканските држави по Балканските војни и нејзиниот одраз врз општествениот развиток. Главен акцент ставил на вардарскиот дел на Македонија кој се нашол во рамките на Кралството Србија. Притоа авторот разграничува четири етапи во општествено-политичкиот, економскиот и културно-просветниот развиток на Вардарска Македонија во третираниот временски период.

Двата дела на книгата прават две засебни, заокружени, тематски целини.

Првиот дел (27—290 стр.) посветен на општествено-политичките и економските прилики во Вардарска Македонија по Балканските војни претставува главен, носечки дел. Низ осумте глави е проследен општествено-политичкиот и економскиот развој по Балканските војни на овој дел на Македонија кој се нашол во составот на Кралството Србија. Најпрво, авторот се задржува на административниот и полицискиот апарат, како и на политичко-административната поделба на посочениот дел на Македонија. Натаму, тој ја слика состојбата на граничните линии, го разгледува прашањето за прибирање на „доброволци” и регрутирање на младинци, како и улогата и активноста на српскиот воен фактор во општествено-политичкиот, стопанскиот и просветниот живот во заземената македонска територија. Потоа, ги презентира мерките на органите на српската власт за стабилизирање на општествено-економските прилики во освоената македонска територија, како и бирократските злоупотреби спрема месното население. Осврнувајќи се на работничкото и социјалистичкото движење во Вардарска Македонија по Балканските војни, авторот го потенцира одразот на Балканските војни врз работничкото и социјалистичкото движење, а го разгледува и прашањето за реактивирање на синдикалните и социјалистички организации. Натаму, се задржува на последиците од Балканските војни за македонското стопанство, ја разгледува состојбата на патиштата, кризните економски прилики, како и состојбата на занаетчиството, мануфактурата и производството на домашни ракотворби. Потоа ги изнесува мерките за развојот на внатрешната и надворешната трговија, ги разгледува банките и другите финансиски институции, како и формирањето на Српско-француското друштво за градење хотели во „новите краишта”. Се задржува и на селското стопанство, осврнувајќи се притоа и на аграрното прашање. Освен тоа, ја разгледува состој-

бата на земјоделството во Дојранско и Валандовско во 1915 година. Се задржува и на другите стопански гранки: сточарството, пчеларството, живинарството и шумарството. На крајот од првиот дел се осврнува на стопанските прилики во Вардарска Македонија во третираниот период според англиски, француски и австриски податоци.

Вториот дел на монографијата (293—391 стр.) е посветен на просветната политика на Кралството Србија во Вардарска Македонија по Балканските војни. Низ четири глави авторот ја проследува спо менатата српска просветна политика. Притоа ги разгледува просветните прилики и основните тенденции на српската просветна политика во Вардарска Македонија по Балканските војни, презентира краток преглед на состојбата во обласга на просветата по Балканските војни, се осврнува на првите преземени мерки за организирање на школството и ос новните тенденции на големосрпската просветна политика, како и на односот на српската просветна политика, како и на односот на српската просветна власт спрема егзархиските учители и учителите од другите народности затечени во Вардарска Македонија. Натаму, ја слика состојбата на школството во Вардарска Македонија во учебните 1913 и 1914/5 година. Се задржува и на односот на српската просветна власт спрема образованието на децата од народностите во Вардарска Македонија, го изнесува проблемот за опфатеност на децата од албанска и турска народност. Се осврнува и на признавањето автономија на романските училишта, како и на укинувањето на унијатските училишта и на тенденциите за укинување на еврејско-француските училишта во Вардарска Македонија.

Во заклучокот авторот, меѓу другото, констатира: „Општа тенденција на српските власти била Македонците да се асимилираат раководејќи се од сфаќањето дека во Македонија по теоријата на Јован Цвиiќ живеела флотантна маса, која можела да биде српска и бугарска, во зависност кој неа ќе ја владее... Национално непризнат и сосема обесправен, македонскиот народ и народностите во новоослободените земји: Албанците, Турците и други етнички групи, се нашле во многу тешка положба. Секоја активност на национално-политички пан жестоко била накажувана и оневозможувана. Во 'новоослободените краишта' бил воведен воено-полициски режим, со сите карактеристики на окупација и колонијален третман". (395/6 стр.).

Придонесот на презентираниов монографски труд кон македонска та историографија се огледа, првенствено, во неговото третирање на недоволно расветлени страници од поновата македонска историја. За неговите евидентни квалитети најдобро говори фактот дека монографскиов труд во 1982 година беше удостоен со високото општествено признание, Наградата „13 ноември" на град Скопје.

Димитар ДИМЕСКИ